ISSN 1857 - 92

# INTERNATIONAL JOURNAL

Institute of Knowledge Management

# KNOWLEDGE

Scientific Papers

Vol. 13.1



KNOWLEDGE

# INTERNATIONAL JOURNAL

# SCIENTIFIC PAPERS

# VOL 13.1

17-19 JUNE, 2016

DURRES, REPUBLIC OF ALBANIA

**INSTITUTE OF KNOWLEDGE MANAGEMENT**

**SKOPJE, MACEDONIA**

# KNOWLEDGE

## International Journal Scientific papers Vol. 13.1

**Editing Board**

Vlado Kambovski PhD, Robert Dimitrovski PhD, Predrag Trajković PhD, Maria Kavdanska PhD, Svetlana Trajković PhD, Zivota Radosavljević PhD, Siniša Zarić PhD, Margarita Koleva PhD, Mile Matijević PhD, Nonka Mateva PhD, Rositsa Chobanova PhD, Mirjana Borota – Popovska PhD, Aleksandar Nikolovski PhD, Jove Kekenovski PhD, Marija Knezević PhD, Ilija Nasov PhD, Irina Singaveskaya PhD, Venelin Terziev PhD, Dzulijana Tomovska PhD, Oliver Dimitrijević PhD, Nedzat Koraljić PhD, Nebojsha Pavlović PhD, Nikolina Ognenska PhD, Dimitrija Popovski PhD, Lisen Bashkurti PhD, Tome Naumov PhD, Trajce Dojcinovski PhD, Jana Merdzanova PhD, Zoran Srzentić PhD, Nikolai Sashkov Cankov PhD

**Preparing and correction:** Liljana Pushova, Jasmina Dimitrovska

**Print:** GRAFOPROM – Bitola

**Editor:** IKM – Skopje

**For editor**
PhD Robert Dimitrovski

**KNOWLEDGE**

**International Journal Scientific Papers Vol. 13.1**

**ISSN 1857-92**

## SCIENTIFIC COMMITTEE

**President:** Academician Prof. Vlado Kambovski, PhD

- Prof. Robert Dimitrovski PhD, Faculty of Management, MIT University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Zivota Radosavljević PhD, Dean, Faculty FORCUP, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Rosica Cobanova PhD, Bulgarian Academy of Sciences (Bulgaria)
- Prof. Siniša Zarić PhD, President of the Committee for Awarding (Croatia)
- Prof. Ilija Nasov PhD, Research and Development center PLASMA, Skopje (Macedonia)
- Prof. Aleksandar Nikolovski PhD, Rector of FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Anita Trajkovska PhD, Rochester University (USA)
- Prof. Milan Radosavljević PhD, Dean, Faculty of strategic and operational management, Union University, Belgrade (Serbia)
- Prof. Anka Trajkovska-Petkoska PhD, UKLO, Faculty of technology and technical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Predrag Trajković PhD, JMPNT, (Serbia)
- Prof. Lidija Tozi PhD, Faculty of Pharmacy, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Bistra Angelovska, Faculty of Medicine, University "Goce Delcev", Shtip (Macedonia)
- Prof. Misho Hristovski PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Jove Kekenovski PhD, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Sasho Korunoski, Dean, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Cvetko Andreevski, Vice rector, Faculty of Tourism, UKLO, Bitola (Macedonia)
- Prof. Margarita Koleva PhD, Dean, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Roussi Minev PhD, Rousse University (Bulgaria)
- Prof. Krasimir Ivanov PhD, Rousse University (Bulgaria)
- Prof. Boris Sakakushev PhD, Rousse University (Bulgaria)
- Prof. Aleksandar Donchev, MIT University, Faculty of Law, Skopje (Macedonia)
- Prof. Maria Kavdanska PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Mirjana Borota-Popovska, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Topuzovska-Latkovic, PhD, Centre for Management and Human Resource Development, Institute for Sociological, Political and Juridical Research, Skopje (Macedonia)
- Prof. Marija Knezević PhD, Academic, Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Ljupco Naumovski PhD, Forum for Mobility and Research, Bitola (Macedonia)
- Prof. Oliver Iliev PhD, Faculty of Communication and IT, FON University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Dimitrija Popovski PhD, Faculty of Sport, Ss. Cyril and Methodius University, Skopje (Macedonia)
- Prof. Yuri Doroshenko PhD, Dean, Faculty of Economics and Management, Belgorod (Russian Federation)
- Prof. Sashko Plachkov PhD, Faculty of Pedagogy, University Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Ivan Petkov PhD, Rector, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Vladimir Lazarov PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Tosko Krstev PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)

- Prof. Antoanela Hristova PhD, European Polytechnic University, Pernik (Bulgaria)
- Prof. Azra Adzajlić – Dedović PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Zorka Grandov, PhD, Pan-European University APEIRON, Banja Luka (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Aleksandr Korablev, PhD, Dean, Faculty for economy and management, Saint Petrsburg State Forest Technical University, Saint Petrsburg (Russian Federation)
- Prof. Primoz Dolenc, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Doc. Igor Stubelj, PhD, PhD, Faculty of Management, Primorska University, Koper (Slovenia)
- Prof. Hristo Beloev PhD, Bulgarian Academy of Science, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Venelin Terziev PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof. Branko Sotirov PhD, University of Rousse (Bulgaria)
- Prof Karl Schopf, PhD, Akademie fur wissenschaftliche forchung und studium, Wien (Austria)
-Prof. Isa Spahiju PhD, International Balkan University (Macedonia)
- Prof. Volodymyr Denysyuk, PhD, Dobrov Center for Scientific and Technologogical Potential and History studies at the National Academy of Sciences of Ukraine (Ukraine)
- Prof. Laste Spasovski PhD, Vocational and educational centre, Skopje (Macedonia)
- Prof. Branislav Simonović PhD, Faculty of law, Kragujevac (Serbia)
- Prof. Dragan Koković PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Sasha Kicoshev PhD, University of Novi Sad, Novi Sad (Serbia)
- Prof. Pere Tumbaš PhD, Faculty of Economics , University of Novi Sad , Subotica (Serbia)
- Prof. Natalija Kirejenko PhD, Faculty For economic and Business, Institute of Entrepreneurial Activity, Minsk (Belarus)
- Prof. Zoja Katru PhD, Prorector, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof. Mustafa Kacar PhD, Euro College, Istanbul (Turkey)
- Prof Evgenia Penkova-Pantaleeva PhD, UNWE -Sofia (Bulgaria)
- Prof. Nikolina Ognenska PhD, Faculty of Music, SEU - Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Tihomir Domazet PhD, President of the Croatian Institute for Finance and Accounting (Croatia)
- Prof. Stojan Ivanov Ivanov PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Maja Lubenova Cholakova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Daniela Ivanova Popova PhD, Faculty of Public Health and Sport, SWU Neofit Rilski, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Branimir Kampl PhD, Institute SANO, Zagreb (Croatia)
- Prof. Marina Simin PhD, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Miladin Kalinić, College of professional studies in Management and Business Communication, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Helmut Schramke PhD, former Head of the University of Vienna Reform Group (Austria)
- Prof. Ahmad Zakeri PhD, University of Wolver Hampton, (United Kingdom)
- Prof. Tzako Pantaleev PhD, NBUniversity , Sofia (Bulgaria)
- Prof. Lisen Bashkurti PhD, Global Vice President of Sun Moon University (Albania)
- Prof. Baki Koleci PhD , University Hadzi Zeka , (Kosovo)
- Prof. Ivana Jelić PhD, University of Podgorica, Faculty of Law, (MNE)
- Prof. Islam Hasani PhD, Kingston University (Bahrein)
- Prof. Rumen Valcovski PhD, Imunolab Sofia (Bulgaria)
- Prof. Jonko Kunchev PhD, University „Cernorizec Hrabar" - Varna (Bulgaria)
- Prof. Nedjad Korajlić PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia and

Herzegovina)
- Prof. Alisabri Šabani PhD, Faculty of criminology and security, Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Jova Ateljević PhD, Faculty of Economy, University of Banja Luka, (Bosnia and Herzegovina)
- Prof. Branislav Simonović PhD, Faculty of law University of Kragujevac (Serbia)
- Doc. Tatyana Sobolieva PhD, State Higher Education Establishment Vadiym Getman Kiyev National Economic University, Kiyev (Ukraine)
- Prof. Svetlana Trajković PhD, High college for professional applied studies, Vranje (Serbia)
- Prof. Suzana Pavlović PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Zorka Jugović PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dragan Marinković PhD, High health – sanitary school for professional studies, Belgrade (Serbia)
- Prof. Dusan Ristić, PhD Emeritus – Faculty of Management, Sremski Karlovci (Serbia)
- Prof. Rumen Stefanov, PhD, Dean, Faculty of public health, Medical University of Plovdiv (Bulgaria)
- Prof. Stojna Ristevska PhD, Dean, High Medicine School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Snezana Stoilova, PhD, High Medical School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Lence Mircevska PhD, High Medical School, Bitola, (Macedonia)
- Prof. Dzulijana Tomovska, PhD, Dean, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Mitre Stojanovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Ljupce Kocovski PhD, Faculty of Biotechnical sciences, Bitola (Macedonia)
- Prof. Vasil Zecev PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Nikola Bozkov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Vasil Pehlivanov PhD, College of tourism, Blagoevgrad (Bulgaria)
- Prof. Oliver Dimitrijević PhD, High medical school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Erzika Antić PhD, High medical school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Jelena Stojanović PhD, High medical school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Prof. Miodrag Smelcerović PhD, High medical school for professional studies "Hipokrat", Bujanovac (Serbia)
- Doc. Marija Kostić PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Sandra Živanović PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Snežana Milićević PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Doc. Nebojsa Pavlović PhD, Faculty of Hotel Management and Tourism, Vrnjačka Banja (Serbia)
- Prof. Kamal Al-Nakib PhD, College of Business Administration Department, Kingdom University (Bahrain)
- Venus Del Rosario, Arab Open University (Philippines)
- Nishad M. Navaz, Kingdom University (India)

ARMINA HUBANA, PHD .......... 221
**TECHNICAL EFFECTIVENESS AS A COMPONENT OF ECONOMIC PERFORMANCE IN EMERGENCY RESCUE WORK .......... 227**
VENELIN TERZIEV,PHD .......... 227
VERONIKA STEFANOVA, PHD .......... 227
**AGENCY AND RELATED INSTITUTES .......... 235**
IGOR KAMBOVSKI, PHD .......... 235
**FREEDOM OF EXPRESSION VS. RIGHT TO PRIVACY - CRITERIA FOR BALANCING .......... 239**
BILJANA KAROVSKA ANDONOVSKA, PHD .......... 239
**CRIMINAL SANCTIONS IN FIGHTING JUVENILE CRIME .......... 243**
MIODRAG N. SIMOVIĆ, PHD .......... 243
DRAGAN JOVAŠEVIĆ,PHD .......... 243
VLADIMIR M. SIMOVIĆ, PHD .......... 243
**POSSESSION-FACTUAL POWER OR LAW .......... 251**
JASNA MLADENOVSKA PHD .......... 251
**POLICE TREATMENT IN CASES OF VIOLENT CRIME .......... 258**
LJUPKA PETREVSKA, PHD .......... 258
**PRINCIPLES OF THE AGREEMENT .......... 265**
JASNA MLADENOVSKA, PHD .......... 265
**THE ROLE OF PRIVATE MILITARY COMPANIES .......... 271**
**IN THE INTERNATIONAL SECURITY .......... 271**
NENAD TANESKI, PHD .......... 271
RINA KIRKOVA, PHD .......... 271
BORCHE CHAMINSKI, MSC .......... 271
**APPLICATION OF THE PRINCIPLES OF REGIONALISM IN BULGARIA .......... 279**
VENELIN TERZIEV PHD .......... 279
STEFAN FILIPOV PHD .......... 279
**CHARACTERISTICS AND ELEMENTS OF MILITARY INFRASTRUCTURE .......... 287**
VENELIN TERZIEV, PHD .......... 287
STEFAN FILIPOV, PHD .......... 287
**IMPROVEMENT AND MODERNIZATION OF MILITARY INFRASTRUCTURE IN BULGARIA .......... 303**
VENELIN TERZIEV, PHD .......... 303
STEFAN FILIPOV, PHD .......... 303
**THE CORRUPTION IN BULGARIA .......... 317**
NATASHA GEORGIEVA HADJI KRSTESKI, PHD .......... 317
**ANALYSIS OF ACCURACY OF COORDINATE MEASUREMENTS WITH 3D TOUCH PROBE OF MACHINING CENTERS .......... 321**
DIMITAR DIMITROV, PHD .......... 321
**AUTOMATIC SELECTION OF PROCESING WITH LESS ERROR IN THE POSITIONING OF MACHNINIG CENTERS .......... 327**
DIMITAR DIMITROV PHD .......... 327
**ANALYSIS OF THE ALGORITHM FOR PROCESSING MINUTES IN MARKET INSPECTORATE OF MONTENEGRO .......... 333**
MERSAD MUJEVIĆ PHD .......... 333
**3D MODELING AND RAPID PROTOTYPING OF CLOCKWORK .......... 343**
ALEKSANDAR IVANOV, PHD .......... 343
NIKOLAY STANKOV, PHD .......... 343
**COMPENSATION OF SYSTEMATIC ERRORS OF 3D TOUCH PROBE USING A TOUCH SIGNAL .......... 349**
DIMITAR DIMITROV, PH.D .......... 349

# AGENCY AND RELATED INSTITUTES

**Igor Kambovski, PhD**
Faculty of Law, University "Goce Delchev"-Stip, Republic of Macedonia - kambovski@yahoo.com

**Abstract**: The Law, in a subjective sense, understood as conscious and reasonable accomplishment of the rights and obligations of his subjects, must always keep an eye on subjects that do not have awareness of their legal powers and duties. Also, at stake is the question of consciousness and the will of the subjects when it comes to their collective expression, when there is an association among individuals within a legal person, whether affiliated individuals still retain their individual will and consciousness?!? Given this care for the basic, natural rights that belong to humans, it can be concluded that, a successful existence and functioning of legal relations and legal operations requires establishment of special legal institutions including a special law institute Agency, or legal agent as a person who can act, and take other legal matters in its own name and for its own benefit, but also on behalf of, and in somebody else's benefit. In legal theory there is a definition of agent as a legaly competent person acting in the name and on behalf of incompetent and incapable individual, a person, and in the name and on behalf of legal entities when, with a statement of will, imparts some of their legal powers to the representative (agent), or execute some legal action. But there are also some institutes which are very similar to agency, but they have their own specific characteristics and they produce different legal powers, relationships and activities.
**Keywords:** Agency, powers, subject, institutes

# ЗАСТАПУВАЊЕТО И СРОДНИТЕ ИНСТИТУТИ

**Игор Камбовски**
Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, Република Македонија
kambovski@yahoo.com

**Резиме:** Правото во субјективна смисла, сфатено како свесно и разумно остварување на правата и обврските на неговите субјекти, секогаш мора да внимава на субјектите што не располагаат со свест за своите правни овластувања и задолженија. Исто така, од особена важност е и прашањето на свеста и волјата на субјектите кога станува збор за нивно колективно изразување, кај здружувањето на физичките лица во правно лице, односно дали здружените физички лица и натаму ја задржуваат својата индивидуална волја и свест. Со оглед на ваквата закономерност и должното внимание за оснивните, природните права кои му припаѓаат на човекот, може да се констатира дека за успешно постоење и функционирање на правните односи и правниот промет потребно е конституирање на посебни правни институти меѓу кои посебно место зазема институтот застапник, односно правен агент, како лице кое може да дејствува, да изјавува волја и да презема други правни работи и во свое име и во своја корист, но и во туѓо име и во туѓа корист. Во правната теорија е определена дефиницијата за застапникот како деловно способно лице кое во име и за сметка на деловно неспособно физичко лице, правно лице, како и во име и за сметка на деловно способно лице кое со изјава на волја му пренесува на застапникот дел од своите овластувања, извршува правни дејства. Но, постојат и институти слични на застапувањето, кои често се поистоветуваат со него, но имаат свои специфични карактеристики и предизвикуваат поинакви правни односи и дејства.
**Клучни зборови:** Застапување, овластувања, субјекти, институти

## 1. ОДНОСОТ НА ЗАСТАПУВАЊЕТО СО СРОДНИТЕ ПРАВНИ ИНСТИТУТИ

Застапувањето е еден од начините на преземање правни работи за друг, чие место е во подрачјето на договарањето за туѓа сметка. Тоа претставува само еден точно определен начин на работење за туѓа сметка кај кој сите дејствија и последици настануваат спрема лицето во чие име и за чија сметка се прават. Застапувањето се разликува и од сродните правни институти и установи кај кои доаѓа до преземање правни работи во свое име а за туѓа сметка, како и од оние каде што лицата кои преземаат правни работи имаат својство на странки во новонастанатите правни односи, но тие правни односи имаат целосно или делумно дејство и спрема лицата кои се надвор од нив, било тоа да е посредно или непосредно.

Од застапувањето треба да се разликуваат некои други ситуации. Така, не е застапник таканаречениот индиректен (посреден) застапник кој работи за туѓа сметка, но во свое име (како што е случај со комисионерот). Кај склучувањето на правната работа кај комисионерот, третото лице за чија сметка тој работи воопшто не се појавува во договорот, а овластен и обврзан од таквиот договор е само индиректниот застапник (комисионерот). Ниту таканареченото "подметнато" лице преку кое некој трет

стекнува и отуѓува ствар не се смета за застапник. Така, на пример, некое лице сака да продаде уметничка слика, но не сака во договорот да се појави како страна, па го замолува својот пријател да се појави како страна на договорот. Ваквите работи со подметнати лица не спаѓаат во фиктивни правни работи, со оглед на фактот што ефектите кои биле остварени преку подметнатото лице навистина ги сакала странката што го склучувала договорот, под услов да не знаела дека зад подметнатото лице стои некое друго лице во позадина. Во спротивно тоа би била ништовна правна работа и сите права и обврски го погаѓаат не подметнатото лице, туку лицето кое стоело во позадина на правната работа, а во тој случај подметнатото лице ќе се смета како застапник.

## 2. ЗАСТАПУВАЊЕТО И ДОГОВОРОТ ЗА ПОЛНОМОШНО (МАНДАТ)

Полномошното претставува, врз основа на правна работа, доделено овластување за застапување. Конкретно, договорот за полномошно (налог) може да се третира како правен однос во кој, како и во многу други, може да се сретне овластување за застапување. Овие два поими долго време биле изедначувани по своето значење, а некои аспекти не се ни до денес конечно издиференцирани.

Застапувањето се појавило во средниот век токму во рамки на договорот за мандат (полномошно), со давањето овластување на мандаторот, во рамки на преземањето правни работи за властодавецот, да дејствува и во негово име, а не само за негова сметка, а со тоа лично да го обврзува спрема лицата со кои склучува договори. Овој ембрион на застапувањето во тоа време се уште не можел да се одвои од својот родител-договорот за мандат (полномошно), и таквото поистоветување се провлекува до денес, иако застапувањето одамна е појавено и проширено надвор од рамките на овој договор[114]. И подоцна, кога во поновите кодификации е претставувано застапувањето независно од волјата на застапуваниот, теоретичарите продолжиле со употребата на термините "мандатар" и "застапник" како синоними и пишувале за договорен мандатар, законски мандатар и судски мандатар[115].

Старите законици (Code Civil, Австрискиот граѓански законик) говорат за застапништвото истовремено со договорот за полномошно како за една единствена правна установа. Ова влече корени од римското право во кое застапувањето не било развиено. Но, модерните законици (Германскиот граѓански законик, Општиот имотен законик за Црна Гора) посебно говорат за застапувањето, а посебно за договорот за полномошно[116].

Според одредбите кои се однесуваат на полномошно, обврската на полномошникот е совесно и со потребно внимание да ги врши работите што му се доверени според упатствата на властодавецот и по природата на правните работи, и по нивното извршување да му положи сметка и да поднесе извештај на властодавецот, за што ќе добие содветен надомест. Обврската на властодавецот, пак, е да стори се што е потребно да може полномошникот да ги изврши доверените правни работи и да му исплати награда-надомест, ако така било претходно договорено. Основната разлика меѓу застапувањето и полномошното е во начинот на кој настануваат овие две установи; додека договорот за полномошно настанува со правна работа со која се пренесува волјата на властодавецот за застапување, односно вршење правни работи во негово име и за негова сметка, застапувањето може да има основ за настанување и по сила на закон или акт на надлежен орган или трговско друштво, даден во точно определени ситуации и услови. Но, за полномошното поопширно во натамошниот тек на излагањето.

## 3. ЗАСТАПУВАЊЕТО И ДОГОВОРОТ ЗА ТРГОВСКО ЗАСТАПУВАЊЕ (АГЕНТУРА)

На правен план, договорот за трговско застапување (agency) е установа која повеќе одговара на вршење работи за туѓа сметка отколку на застапувањето. Впрочем, согласно Законот за трговските друштва, со договорот за трговско застапување застапникот се обврзува постојно да се грижи трети лица да склучуваат договори со неговиот налогодавец, односно да посредува меѓу лицата и налогодавецот, за соодветен надомест (провизија). Во секој случај, трговското застапување и порано било дефинирано како вршење работи за друг кое има за цел да се воспостават правни односи меѓу агентот, принципалот и третото лице. Така, англо-саксонското право во рамки на установата agency изградило цел систем на видови на вршење работи за друг, но секогаш држејќи се до шемата дека кон третото лице се обврзани и принципалот и агентот кој работел за него. Агентот може да се обврзе спрема третото лице само во свое име, и тоа со директна намера за тоа и од негова страна и од страната на третото лице, но сепак третото

[114] Radovanović M., *Zastupništvo u građanskom pravu,* (doktorska disertacija), Pravni fakultet Beograd, 1965, str. 102
[115] idem, str. 102
[116] Gams A., Đurović L., *Uvod u građansko pravo-Opšti deo,* Savremena Administracija, Beograd, 1985, стр.259

лице со самото сознание дека неговиот содоговорник дејствувал како агент (за туѓа сметка) ќе може директно да се обрати на принципалот за обврските од преземената правна работа[117].

Доколку институтот agency треба да се споредува со најблискиот поим од континенталното право, тогаш тоа би претставувало само поимот на договарање за туѓа сметка. И во тој поглед установата agency би била поширока со оглед на фактот што опфаќа и извесни случаи на делување за своја сметка. Во ситуациите кога едно лице дејствува за сметка на друг истапувајќи во свое име, и со тоа резервирајќи си за себе својство на страна во настанатите правни односи, во континенталното право не се работи за застапување и не се воспоставуват директни правни односи меѓу лицето за чија сметка се дејствува и третото лице, додека во common law системот секогаш се воспоставуваат директни односи меѓу принципалот и третото лице, без оглед на тоа дали агентот настапувал во свое име или во име на принципалот. Агентот по правило настапува во свое име и, по правило, третото лице може да бара извршување на правната работа алтернативно, било од агентот или од принципалот. Македонскиот Закон за облигационите односи при дефинирањето на трговското застапување еквилибрира меѓу посредувањето и застапувањето со тоа што го задолжува трговскиот застапник да се грижи трети лица да склучуваат договори со властодавецот, а од друга страна истиот тој застапник има овластување (и задолжение) самиот да склучува договори, но во име и за сметка на властодавецот. Ова е интересно решение, во рамки на принципите на civil law системот, со што се потврдува правилото дека и застапникот и посредникот договараат за туѓа сметка.

## 4. ЗАСТАПУВАЊЕТО И ДОГОВОРОТ ЗА КОМИСИОН

И кај договорот за комисион е забележителна разликата од класичната дефиниција на застапувањето; имено, комисионерот се обврзува да изврши од свое име и за сметка на комитентот една или повеќе работи што му ги доверува комитентот, за соодветен паричен надомест. Тука, значи, постои сличност со застапувањето во поглед на тоа што комисионерот врши определени правни работи за сметка на комитентот, за тоа му полага сметка на комитентот и е должен да му го соопшти името на третото лице со кое ја извршил правната работа. Исто така, должен е и да ги пренесе врз комитентот побарувањата и другите права што ги стекнал спрема третото лице со кое ја извршил работата од свое име и за сметка на комитентот. При тоа, при склучувањето на правната работа со трети лица, во договорот никаде не фигурира комитентот, туку сите дејствија ги презема лично комисионерот, во свое име. Комисионерот располага со посебно овластување за склучување на определени договори и тој настапува спрема трети лица како самостојна договорна страна, со што тој е обврзан кон третото лице за исполнувањето на обврските од договорот. Но, со оглед на фактот што работи за сметка на комитентот, економските ефекти на договорот му припаѓаат на комитентот[118]. Комитентот и третото лице стапуваат во правен однос само кога комисионерот ќе ги пренесе правата и преземените обврски спрема третото лице на комитентот (со цесија, индосамент, отстапување на договор, преземање долг), и тогаш доаѓа до обединување на правниот и економскиот ефект од комисионото дејствување[119].

Комисионото работење е услужна стопанска дејност која опфаќа, освен склучувањето, и исполнување на доверените правни работи, како и вршење на други фактички работи нужни за реализирање на правните работи, како што се: сортирање на стоката, пакување, контрола и одржување на стоката, складиштење, царинење и друго. Активноста на комисионерот ги ослободува сите негови деловни партнери од сите правни и технички работи поврзани со набавката и пласманот на стоката, а со тоа комитентот ги обезбедува своите интереси со оглед на тоа што вршењето на работите ги доверува на стручно лице кое одлично го познава конкретниот пазар[120].

## 5. ЗАСТАПУВАЊЕТО И ПОСРЕДУВАЊЕТО

Како што погоре беше наведено, правната теорија прави јасна дистинкција меѓу овие два правни институти (застапување и посредување), иако во практиката на civil law системите често доаѓа до нивно мешање и испреплетување. Така, застапникот општо, како и трговскиот застапник, склучува правни дела во име и за сметка на застапуваниот, додека посредникот ги поврзува странките, ги доведува во правен однос за да тие подоцна склучат договор. Застапувањето и посредувањето имаат неколку заеднички карактеристики: нивното место е во сферата на услужните дејности; суштината на двата институти се состои во обезбедување, создавање правни врски меѓу различни лица и помагање за склучување правни

---

[117] за ова повеќе кај Касабова К., *Търговски представител*, ЦИЕЛА София, 2005, стр.55-59
[118] Slavnić J., *Privredno pravo-Poslovi robnog prometa,* Naučna knjiga/Viša poslovna škola-Beograd, 1993, str.93
[119] idem, str. 101
[120] idem, str. 94

работи; изникнуваат од сферата на стоково-паричниот промет, па сепак, тоа се два различни правни институти кои не можат и не смеат да се поистоветуваат[121].

Посредувањето спаѓа меѓу најстарите работи во стоковиот промет и настанал како најповолна форма со која се олеснува склучување на други договори, со поврзување на оддалечени и непознати деловни партнери или со пружање услуги во врска со реализацијата на размената. Првобитните облици на посредување се јавиле во стара Грција и стариот Рим, по што доаѓа до забрзан развој во средниот век, паралелно со експанзијата на трговијата. Во тој период странските трговци можеле да истапат единствено со учество на официјални посредници овластени за посредување на одредени пазари, а истите биле обврзани на секој трговец да му пружаат услуги на непристрасен начин[122].

При склучување договор и во текот на неговото извршување трговскиот застапник се однесува како договорна страна во тој однос, заштитувајќи ги интересите на застапуваниот, додека, пак, трговскиот посредник не зазема страна во тој однос и ги заштитува интересите на двете договорни страни. Тој мора посредувањето да го врши непристрасно, со внимание на стручно лице, и едноставно технички да го извршува налогот за посредување, додека, пак, неговите дејствија немаат карактер на правни работи[123]. Од своја страна, трговскиот застапник и застапникот воопшто немаат никакви ограничувања во поглед на бројот на субјектите кои ќе ги застапуваат, односно во чие име и сметка ќе преземаат правни работи.

## 6. ЗАСТАПУВАЊЕТО И НЕПОВИКАНОТО ВРШЕЊЕ ТУЃИ РАБОТИ

Застапувањето треба да се разликува и од неповиканото вршење туѓи работи кое претставува преземање правни и фактички работи за друг без нивно овластување, ако работата не трпи одлагање или претстои штета или пропуштање на очигледна корист. Кај неповиканото вршење туѓи работи разликуваме две страни: господарот на правната работа (dominus negotii) за кого се презема правната работа, и неповиканиот вршител (negotiorum gestor) кој без овластување ги презема дејствијата во име на господарот на правната работа со оглед на фактот што работата не трпи одлагање. За разлика од застапникот кој презема само правни работи со овластување за тоа, неповиканиот вршител може да презема и фактички работи, и тоа без добиено овластување. Неповиканото вршење туѓи работи се презема само ако работата не трпи одлагање поради кое може да настане штета (нужно работоводство без налог) или може да се пропушти очигледна корист (корисно работоводство), или ако dominus negotii не го забранил преземањето на работите[124].

## ЗАКЛУЧОК

Застапувањето, историски гледано, се појавило како едно од првите правно-технички средства во функција на работењето за друг. Кога општествените услови и животните потреби предизвикале појава на други начини на дејствување за друг, правните теории и практиката се обидувале да му признаат на дејствувањето за друг одредени правни дејства на начин што поимот на застапувањето го проширувале и на тие други начини на дејствување за друг. Но, потребно е одвојување на застапувањето од другите начини на вршење работи и дејствија за друг, каде што лицата кои вршат работи за друг имаат својство на странки во правните работи кои ги преземаат, иако истите тие правни работи имаат дејство и спрема други лица. Застапувањето е еден од начините на дејствување за друг, но со сопствени карактеристики и обележја што го прават различно од другите начини на дејствување за друг, пред се поради неговата правна природа.

## ЛИТЕРАТУРА:

[1] Радовановић Марија, *Заступништво у грађанском праву*, (докторска дисертација), Београд, 1965
[2] Gams Andrija, Đurović Liljana, *Uvod u građansko pravo-Opšti deo,* Savremena Administracija, Beograd, 1985
[3] Касабова Камелия, *Търговски представител*, ЦИЕЛА София, 2005
[4] Slavnić Jovan, *Privredno pravo-Poslovi robnog prometa,* Naučna knjiga-Viša poslovna škola, Beograd, 1993
[5] Батрова Александровна Татьяна, *Коммерческое право*, Норма-Москва, 2005
[6] Попов Даница, *Грађанско право-Општи део*, Службени Гласник, Београд, 2005

[121] повеќе за ова кај Батрова А. Т., *Коммерческое право,* Норма, Москва, 2005, стр.43

[122] idem, стр.73
[123] idem, стр.75
[124] Попов Д., *Грађанско право-Општи део*, Службени Гласник, Београд, 2005, стр.249

GIF
GLOBAL IMPACT FACTOR

Search

Institute for Information Resources

News Updates Please write Journal Title, ISSN, Website while asking the status of your journal



## Get Involved

- Home
- Evaluation Method
- Journal List
- Apply for Evaluation/Free Service
- Journal Search

## Recently Added Journals

- Dagestan State Pedagogical University. Journal. Social and Humanitarian Sciences
- Dagestan State Pedagogical University. Journal. Psychological and Pedagogical Sciences
- Medical and Health Science Journal
- Business and Economic Horizons
- Perspectives of Innovations, Economics and Business

## KNOWLEDGE – International Journal

| | |
|---|---|
| ISSN | 1857-92 |
| Country | Macedonia |
| Frequency | Quarterly |
| Year publication | 2014 |
| Website | http://www.ikm.mk/ |
| Global Impact and Quality Factor | |
| 2015 | 1.023 |

Priority Processing | Reviewers | Terms And Conditions | Contact Us

© 2010-2017 Global Impact Factor. All Rights Reserved.